Врз основа на член 65 став(6) од Законот за животна средина (Сл. Весник на РМ бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 111/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16, 99/18 и 89/22) Министерство за транспорт и врски, на ден __________ година, донесе

**Одлука за спроведување на стратегиска оцена**

1. За планскиот документ Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за ГП 2 со намена Г3-Производство на енергија од обновливи извори, Г3.7-Биогасна централа од 3MW, КО Р`жаничино, општина Петровец кој го донесува Министерство за транспорт и врски потребно е да се спроведе стратегиска оцена на влијанието врз животната средина согласно член 65 од Законот за животната средина.

2. Како органи засегнати од имплементација на планскиот документ Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за ГП 2 со намена Г3-Производство на енергија од обновливи извори, Г3.7-Биогасна централа од 3MW, КО Р`жаничино, општина Петровец се: општина Петровец, Министерство за животна средина и просторно планирање, Министерство за економија, ЕВН, Мепсо, Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство.

3. За планскиот документ Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за ГП 2 со намена Г3-Производство на енергија од обновливи извори, Г3.7-Биогасна централа од 3MW, КО Р`жаничино, општина Петровец, за чија изработка е одговорен Гоплан ДОО Гостивар, а го донесува општина Демир Капија, донесувањето на планскиот документ Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за ГП 2 со намена Г3-Производство на енергија од обновливи извори, Г3.7-Биогасна централа од 3MW, КО Р`жаничино, општина Петровец ќе има влијание врз животната средина.

4. Обемот на извештајот за стратегиска оцена треба да ги опфати следните аспекти: влијание врз подземните и површинските води, влијание врз почвата, влијание по однос на генерирање на комунален и градежен отпад, влијание врз биодиверзитеот, влијание врз амбиентниот воздух и влијание од несреќи и хаварии.

5. Одлуката заедно со формуларите за определување на потребата од спроведување на стратегиска оцена се објавува на веб страната на општина Министерство за транспорт и врски на следната веб адреса/и: www.mtc.gov.mk

Бр. 67-1078/4
Датум: 28.02.2023
Место: Скопје

Министер
Благој Бочварски